РУДНИЦИ И ЖЕЛЕЗАРНИЦА
„УСЛУГИ" Акционерско друштво
Бр. 0102-793/2
10.06 2019 год.
СКОПЈЕ

# ИЗВЕШТАЈ

## за работење за период јануари – декември 2018 година

Во деловната 2018 год. РЖ УСЛУГИ АД Скопје има остварено вкупно приходи од 165.706.481,00 денари од кои приходите остварени од основните дејности на друштвото (продажба на стоки и услуги) изнесуваат 161.495.333,00 ден. Останатите приходи изнесуваат 2.867,264,00 денари. Вкупно остварените оперативни приходи од 164.362.597,00 денари за 2018 година претставуваат зголемување од 7,59% во однос на остварените оперативни приходи во 2017 година (149.240.619,00 денари).

| | ИЗНОС 2017 | ИЗНОС 2018 |
|---|---|---|
| СОБИРАЊЕ, ПРЕЧИСТУВАЊЕ И ДИСТРИБУЦИЈА НА ХИГИЕНСКА ВОДА | 12.822.985,00 | 14.990.621,00 |
| СОБИРАЊЕ, ПРЕЧИСТ. И ДИСТРИБУЦИЈА НА ТЕХНОЛОШКИ ВОДИ | 109.685.801,00 | 118.180.622,00 |
| НАДОМ. ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ЦЕВОВОДНА МРЕЖА ЗА ПРЕНОС НА ТЕХНИЧ.ГАСОВИ ПРИРОДЕН ГАС | 6.326.613,00 | 6.488.305,00 |
| УСЛУГИ ЗА ОБЕЗБЕД. НА ИМОТ И ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА | 15.078.501,00 | 17.763.008,00 |
| ТЕЛЕКОМУНИКАЦИСКИ УСЛУГИ | 612.621,00 | 551.752,00 |
| ЗАКУП НА ДЕЛОВЕН ПРОСТОР И РЕЗРЕВОАРИ ЗА СКЛАДИРАЊЕ НА ТНГ | 733.454,00 | 695.793,00 |
| ОСТАНАТИ УСЛУГИ | 445.716,00 | 193.156,00 |
| ПРОДАЖБА НА ТЕЧЕН НАФТЕН ГАС | 3.534.928,00 | 2.632.076,00 |
| ВКУПНО | **149.240.619,00** | **161.495.333,00** |

Во делот на услугите со кои сме директно поврзани со работење на погоните во нашето потесно опкружување, приходите од дистрибуција на хигиенска вода се зголемени за 14,46% во однос на 2017 година, приходите од производство, термичка обработка и рециркулација на технолошки води се зголемени за 7,19% во однос на 2017 година и приходите од надоместокот за користење на цевоводната мрежа се зголемени за 2,5% во однос на 2017 година.

Зголемувањето на приходите од технолошките води се резултат на склучени нови договори и оптимизација на технолошките процеси.

Кај останатите приходи од основните дејности на друштвото чија реализација не е во директна поврзаност со потребите на производните процеси на погоните со кои имаме континуирана соработка, евидентно е зголемувањето кај обезбедување и ПП заштита од 15,12%, намалување кај продажбата на ТНГ од 25,55%, намалување кај телекомуникациските услуги од 9,94%, намалување кај закуп на деловен простор од 5,14%. Намалувањето е резултат на намален обем на користени услуги од страна на правните субјекти со кои соработува РЖ УСЛУГИ АД Скопје во 2018 година.

## *Останати приходи*

Во останати приходи најголем дел е од отпис со одлука на стари обврски согласно законските прописи и финансиски приходи по наплатени камати по судско решение за Роу и Рифајнд Комодитис . Кај финансиските приходи има намалување во однос на 2017 година.

| | ***ИЗНОС*** |
|---|---|
| ***ОСТАНАТИ НЕСПОМНАТИ ПРИХОДИ*** | 2,867,265.00 |
| ***ПРИХОДИ ОД КАМАТИ*** | 1,343,884.00 |
| ***ВКУПНО*** | **4,211,149.00** |
| | ***ИЗНОС*** |
| ***ВКУПНИ ПРИХОДИ (ОПЕРАТИВНИ)*** | 161,495,333.00 |
| ***ПРОСЕЧЕН МЕСЕЧЕН ПРИХОД*** | 13,457,944.00 |

| ***ПРОСЕЧЕН БРОЈ НА ПРИХОДИ*** | | ***ПРИХОДИ ПО ВРАБОТЕН НА МЕСЕЧНО НИВО*** |
|---|---|---|
| 2017 | 114 | 1.743,30 евра |
| 2018 | 114 | 1.919,55 евра |

Вкупните расходи во 2018 година изнесуваат 260.044.524,00 ден.

Расходите кои се направени за реализација на основните дејности на друштвото изнесуваат 166.878.277,00 ден.

## *Структура на расходи*

| | 2017 | 2018 |
|---|---|---|
| ПОТРОШЕНИ, МАТЕРИЈАЛИ, РЕЗЕРВНИ ДЕЛОВИ И СИТЕН ИНВЕНТАР | 4,593,364.00 | 3,547,598.00 |
| ПОТРОШЕНА ЕНЕРГИЈА И ГОРИВО (ТОПЛИНСКА, ЕЛЕКТРИЧНА, НАФТА И БЕНЗИН) | 30,479,042.00 | 33,522,195.00 |
| СНАБДУВАЊЕ СО ВОДА | 14,302,537.00 | 38,198,211.00 |
| ТЕЛЕКОМУНИКАЦИСКИ УСЛУГИ | 661,649.00 | 660,049.00 |
| ОДРЖУВАЊЕ НА ОПРЕМА И ОБЈЕКТИ | 3,887,241.00 | 2,087,291.00 |
| АМОРТИЗАЦИЈА | 25,670,540.00 | 24,301,763.00 |
| БРУТО ПЛАТА ЗА ВРАБОТЕНИ И АГЕНЦИЈА МЛАДИНЕЦ | 39,086,286.00 | 43,463,179.00 |
| НАДОМЕСТОЦИ НА ВРАБОТЕНИ ПО КОЛЕКТИВЕН ДОГОВОР | 3,269,908.00 | 2,939,322.00 |
| ДНЕВНИЦИ И ПАТНИ ТРОШОЦИ | 77,050.00 | 83,551.00 |
| НЕМАТЕРИЈАЛНИ ТРОШОЦИ | 1,457,826.00 | 984,488.00 |
| РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА ПРОПАГАНДА И РЕКЛАМА | 174,702.00 | 229,295.00 |
| БАНКАРСКИ ТРОШОЦИ | 621,129.00 | 248,662.00 |
| ДАНОЦИ И ТАКСИ | 985,240.00 | 935,468.00 |
| ТРОШОЦИ ЗА ПРОДАЖБА НА ТНГ (НАБАВНА ВРЕДНОСТ) | 3,091,834.00 | 2,326,402.00 |
| ОСТАНАТИ УСЛУГИ | 17,752,320.00 | 13,350,799.00 |
| ВКУПНО ОПЕРАТИВНИ ТРОШОЦИ | **146,110,668.00** | **166,878,277.00** |

Вкупните оперативни расходи се зголемени во однос на 2017 година за 12,4%. Во делот на трошоците кои се директно поврзани со остварување на приходите од производство, термичка обработка и рециркулација на технолошки води за производните погони во Железара, односно кај трошоците за материјали и резервни делови евидентирано е намалување за 22,77% во однос на минатата година , трошокот за електрична енергија е зголемен за 9%, зголемен е трошокот за снабдување со вода за 62,6%.

Трошоците за тековно одржување намалени се за 46%. Зголемување има во трошоците за вработени како резултат на зголемени трошоци за бруто плата и останати надоместоци од работен однос (број на вработени 114 -2017 и 114 до крајот 2018 година) и зголемени останати пресметани надоместоци од работен однос ( испратнина за технолошки вишок , отпремнина за пензија и регрес). Во 2018 имаме значително поголем број на заминати работници на кои им е престанат работниот однос по еден од двата наведени основи за престанок. Трошок за регрес е пресметан во износ од 40% од просечна нето плата по работник во РМ. Кај трошоците за вработените зголемувањето изнесува 8,72 % во однос на минатата година. Од останатите расходи намалување имаме кај телекомуникациските услуги со 0,25%, и намалување кај трошокот за набавка на продадениот плин во 2018 година за 24,76%.

| | *2017* | *2018* |
|---|---|---|
| *ОСТАНАТИ НЕСПОМНАТИ РАСХОДИ* | 13,861.00 | 83,799,883.00 |
| *РАСХОДИ ОД КАМАТА* | 18,164,495.00 | 9,366,364.00 |
| *ВКУПНО* | 18,178,356.00 | 93,166,247.00 |

Останатите расходи на износ од 83.799.883,00 денари се од усна јавна продажба на недвижен имот согласно И.Бр. 474/2015 на кои заложно право е воспоставено во 2012 г. од страна на Комерцијална банка.

Трошоците за камати на износ од 9.366.364,00 ден. се однесуваат на пресметани камати, камати по користени кредити од банки и по основ на реструктуирање на задолжувањето, камати од тековното работење со доверители, камати за исплатен долг по фактури за изминати години по судски спорови(Елем Енергетика). Вкупните трошоци за камата се намалени за 48,44% во однос на 2017 година .

## *Побарувања и обврски со 31.12.2018 година*

На 31.12.2018 година РЖ УСЛУГИ АД има ненаплатени побарувања на износ од 34.894.078,00 денари кои се во валутен рок како и ненаплатени побарувања за кои се водат судски постапки или се во извршна постапка во износ од 288.001.517,00 денари

Процентот на наплата на побарувања од купувачите во 2018 година изнесува 87,4% не земајќи ги во предвид ненаплатените побарувања со 31.12.2018 година од фирми за кои се водат спорови и за кои се чека судска пресуда или пак се завршени со правосилни пресуди и се чека на реализација на наплата.

Салдото на неплатени обврски по добавувачи до 31.12.2018 год. изнесува 15.146.350,00 денари а тоа се тековни обврски кои ги има друштвото и кои се во валутен рок. Процентот за исплата на обврски према добавувачи иземајќи ги обврските кои се во судска постапка со 31.12.2018 година изнесува 89,76%.

Друштвото ја одржува тековната ликвидност во текот на годината и ги сервисира тековните обврски по сите основи према добавувачи, вработени, државата и по кредитни задолжувања од изминатиот период. Тоа се должи на навременото сервисирање на дел од побарувањата од купувачите и како резултат на истото се превземаат мерки за поефикасна наплата, преку утужувања. Голем проблем се и ненаплатените побарувања кои не произлегуваат од работењето во тековната година, за кои се водат спорови и иститe се одвиваат во долги постапки.

Готовинскиот прилив на парични средства кои друштвото ги заработува од неговите редовни активности се користи за регулирање на оперативните расходи во тековното работење. Во 2018 година има инвестициски вложувања во делот на технички постројки, опрема, инвентар и постојани средства и новите набавки во текот на годината изнесуваат 1.879.165,00 денари.

Во однос на задолжувањата на друштвото споредено со 2017 година има значителни промени , односно обврските по севкупните краткорочни и долгорочни кредитни задолжувања се намалени за 24.787.790,00 денари или 48,34% во однос на 2017 година.

## *Финансиски резултат во работење за 2018 година*

**РЖ УСЛУГИ АД** во тековното работење со пресметани приходи и расходи поврзани со основните дејности (продажба на стоки и услуги) ја заврши деловната година со оперативна загуба од 86.315.563,00 денари. Со пресметани финансиски расходи и приходи за 2018 година РЖ УСЛУГИ во своето севкупно работење искажа загуба од 94.338.042,00 денари .

**ЕНЕРГОУСЛУГИ ДООЕЛ** ја заврши 2018 година во оперативното работење со загуба од 48.341.007,00 денари или во севкупното работење со загуба од 48.347.023,00 денари .

На инвестицијата-постројки и опрема е извршена усна јавна продажба на постројки и опрема согласно И.Бр. 474/2017, на кои заложно право е воспоставено во 2007 г. од страна на Комерцијална банка. Друштвото ЕНЕРГОУСЛУГИ ДООЕЛ се јавува како заложен должник за долгорочен кредит на КОГЕЛ СЕВЕР ДОО (ГЕТ) на износ од 17.132 илјади евра. Бидејќи КОГЕЛ СЕВЕР ДОО не го измирил долгот по основ на кредит, банката ја активира хипотеката и со И.бр.475/17 е извршена усна јавна продажба.

**КОГЕЛ СТИЛ ДОО** од основната дејност- производство и трговија на топлинска и електрична енергија ја заврши деловната 2018 година со оперативна добивка од 4.864.638,00. Со пресметаните севкупни финансиски расходи и приходи за 2018 година КОГЕЛ СТИЛ ДОО во своето севкупно работење искажа добивка од 1.435.134,00 денари.

*РЖ УСЛУГИ АД Скопје*

*Директор*

*Јован Гечески*

РУДНИЦИ И ЖЕЛЕЗАРНИЦА „УСЛУГИ" Акционерско друштво 1 СКОПЈЕ